Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-256/3
27-06-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Постапувајќи по претставка бр. 08-256 од 24.03.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација по основ на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, религија или верско уверување, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 26.06.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет извршени од страна на [redacted] Скопје, кон припадниците на ЛГБТ заедницата.

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет извршени од страна на [redacted] Скопје, кон припадниците на ЛГБТ заедницата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08-256/1 од 24.03.2023 година, од страна на [redacted] Скопје за извршена дискриминација врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, религија или верско уверување, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми, преку социјалната мрежа „Фејсбук".

Согласно наводите од претставката, подносителот тврди дека потенцијалниот дискриминатор во повеќе наврати на социјалната мрежа „Фејсбук" преку неговиот кориснички профил под името [redacted] објавувал вознемирувачки содржини насочени кон ЛГБТ заедницата, *со кои се промовира нетрпеливост, раздор врз национална, верска и сексуална ориентација, со намера да се поттикне омраза,* стои во претставката.

Како доказ, ја посочуваат содржината на објавата на нивниот профил, поставена на 06.06.2022 година[1], а се работи за фотографија во боја, на која се гледаат две фигури на маж и жена, кои заедно во рацете држат чадор за дожд, со кој заштитуваат две фигури на девојче

1 https://www.facebook.com/biokvantmedikal.kvantnamedicina/photos/a.10152377160146330/10158239188431330

и момче од дожд обоен со боите на виножито. Текстуалната содржина гласи: „***РОДИТЕЛИ !!!***“ што според наводите на подносителите, била постирана со намера *да се промовира или поттикне омраза, раздор, дискриминација, насилство или нетрпеливост кон припадниците на ЛГБТИ+ заедницата... а притоа и да се изрази гнев, омраза и презир кон нив.*

Втора содржина објавена на профилот на „Квантна медицина“ што ја посочуваат од [redacted] е објавата од 12.10.2022 година, каде е споделен текст објавен на англиски јазик на канадскиот портал nationalpost.com[2], со наслов: *Ontario transgender teacher sparks controversy by wearing giant prosthetic breasts in class,* со текстуален коментар: ***Луѓето, особено децата се во голема опасност, медиумуте кои насекаде се присатни ја менуваат реалноста, во корист на светските влади, кои под плаштот на демократијата , толерантноста и човековите права како ново нормални напредни вредности, активно дозволуваат реклами за блокатори на пубертетот кај децата и воопшто спроведуваат активна промоција на неморалот , содо...ија, транс...генд...зам, анти...култура и анти...религија.***
***Пасивното и незаинтересирано однесување на луѓето, особено на родителите кон овие "нови светски трендови" доведува до законска реализација на истите со несогледиви здравствени психосомаски и други последици.***

Во врска со посоените објавени содржини, подносителите сметаат дека истите имаат за цел ширење на предрасуди, *при што зборот „предрасуди“ најчесто се користи за да се означат претходните стекнти, обично непожелни судови, насочени кон луѓе порди: родот, класата, возраста, оневозможеноста, религијата, сексуалноста, расата/етничноста, јазикот или други лични карактеристики, ...при што пријавениот во овој текст го искористил и стравот кај мнозинството граѓани кои ги третираат ЛГБТИ+ луѓето како странци кои празнично се линчувани и се послужил со јазикот на „толпата“, знаејќи дека ќе поттикнат омраза.*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 10.04.2023 година испрати барање за изјаснување до [redacted] со архивски бр. 08-256/2 за произнесување по наводите содржани во претставката. Во архивата на КСЗД вртена е целосната поштенска пратка, а на пликот видливо е дека поштата ставила поштенски печати со датуми 11.04.2023, 18.04.2023 (нечитливо) и 02.05.2023 година, што значи по три направени обиди пратката е вратена до Комисијата со назнака: ИЗВЕСТЕН, НЕ ПОБАРАЛ. Затоа, Комисијата донесе заклучок дека потенцијалниот дискриминатор одбил да прими пошта и да го искористи правото да се произјасни по наводите од претставката, па следствено одлучи да постапува само по документацијата доставена од страна на подносителите.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги разгледа наводите на подносителот на претставката-[redacted] и при своето постапување ја зема во предвид релевантната национална и меѓународна правна рамка во однос на слободата на говорот и изразување и вознемирувањето и повикувањето, поттикнувањето и давањето инструкција за вршење дискриминација, како посебни видови дискриминација.

[2] https://nationalpost.com/news/canada/ontario-transgender-teacher-sparks-controversy-by-wearing-giant-prosthetic-breasts-in-class?fbclid=IwAR03bR8bk-RN4v6TAUr_P8SF0Y8TM4oa7IwRW-9hwN-8FauGe36T-RF9foQ

**Слободата на изразувањето** се гарантира во член 16 од **Уставот на Република Северна Македонија,** кој предвидува гарантирање на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата: *Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации, Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета.*

**Слободата на мислење и изразување** е заштитена и во членот 19 од **Универзалната декларација на човекови права:** *Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите.*

Исто така, во членот 19 од **Меѓународниот пакт за граѓански и политички права,** се гарантира **слободата на мислењето**: *1.Никој не може да биде вознемируван поради своето мислење. 2.Секој има право на слобода на изразување; Ова право подразбира слобода да се бараат, примаат и шират известувања и идеи од секој вид, без оглед на границите, било усно, писмено, по пат на печат или во уметничка форма, или со кое било друго средство по свој избор. 3.Остварувањето на слободата предвидена во став 2 на овој член повлекува посебни обврски и одговорности. Тоа може да биде подложено на одредени ограничувања кои сепак мора да бидат изречно утврдени со закон и кои се нужни: а) за почитување на правата и угледот на другите лица; б) за заштита на националната безбедност, или јавниот поредок, или јавното здравје или морал.*

Во **Европската конвенција за заштита на човековите права** во ставот 1 од членот 10 се гарантира **слободата на изразувањето**: *Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите, на претпријатијата за радио, филм и телевизија да им наметнуваат режим на дозволи за работа.* Ограничувањата на оваа слобода се нотирани во ставот 2 од оваа конвенција: *Остварување на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничување и санкции предвидени со закон кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државата безбедност, територијалниот интегритет, и јавната безбедност, заштитата на редот и спречување на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширење на доверливите информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството."*

Членот 17 од Европската конвенција ја антиципира и **забраната на злоупотреба на правата** нотирани во овој инструмент: *Ниту една одредба од Конвенцијата не може да се толкува на начин според кој, на некоја држава, група или поединец им е дадено право да преземаат активности или постапки со кои се загрозува некое право или слобода што се признати со оваа Конвенција, или да ги ограничуваат овие права и слободи во мерка поголема од онаа предвидена со Конвенцијата.*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во својата работа ја зема предвид и праксата на **Европскиот суд за човекови права**. За конкретниов случај, Комисијата ја консултираше и студијата од авторките [redacted] со наслов „Анализа на судската практика на Европскиот суд за човекови права во врска со говорот на омраза и криминалот од омраза"[3]: *Судот постојано тврдел дека слободата на изразување се применува не само за „информации" или „идеи" што се поволно примени или се сметаат за ненавредливи или за прашање на рамнодушност, туку и за оние што навредуваат, шокираат или вознемируваат; такви се барањата за плурализам, толеранција и слободоумие без кои нема „демократско општество". Слободата на изразување подлежи на исклучоци што мора строго да се толкуваат и мора убедливо да се утврди потребата од какви било ограничување.*
*„Говорот на омраза", како што овој концепт се толкува во судската практика на Судот, спаѓа во две категории. Првата категорија на судската практика на Судот за „говор на омраза" се состои од најтешките форми на „говор на омраза", за кои Судот смета дека спаѓаат во рамките на член 17 и со тоа целосно се исклучени од заштитата на член 10. Втората категорија се состои од „помалку тешки" форми на „говор на омраза" за кои Судот не сметал дека целосно спаѓаат под заштита на член 10, но кои ги сметал за дозволиви за ограничување на државите што се договорни страни на Конвенцијата. Во случајот Беизарас и Левикас против Литванија, Судот утврдил повреда на член 14, во врска со член 8 и член 13, поради одбивањето на властите да ги гонат авторите на сериозни хомофобични коментари на Фејсбук, вклучително и нескриени повици за насилство. Затоа, Судот не само што не поддржал говор што експлицитно повикува на насилство или други кривични дела, туку и одлучил дека нападите врз лица што се извршени со навреда, исмевање или клевета на одредени групи население може да бидат доволни за да им се дозволи на властите да се борат против говор со предрасуди во контекст на дозволените ограничувања на слободата на изразување. Во случаите што се однесуваат на говор што не повикува на насилство или други кривични дела, но за кои Судот сепак смета дека претставуваат „говор на омраза", тој заклучок се заснова на процена на содржината на изразот и начинот на неговото изнесување.*

Европскиот суд за човекови права, конкретно случајот *„BEIZARAS AND LEVICKAS v. LITHUANIA" (Application no. 41288/15)*[4] каде Судот утврдил прекршување на членот 14 заедно со членот 8 во однос на дискриминација врз база на сексуална ориентација и одбивањето од претпоставените власти да ги гонат авторите на сериозните хомофобични коментари, вклучувајќи нескриени повици на насилство.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниов сличај, ја потенцира и сериозно одлуката на Судот во врска со случајот помеѓу *LILLIENDAHL v. ICELAND (* Application no. 29297/18)[5] од 2020 година, каде Судот забележал дека коментарите не претставувале најтешка форма на „говор на омраза" и биле исклучени од заштита од член 10 преку примена на член 17, бидејќи не било веднаш јасно дека коментарите имале за цел поттикнување насилство и омраза или порекнување на правата

[3] https://www.osce.org/files/f/documents/1/a/524610.pdf
[4] https://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-200344
[5] https://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-203199

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

или слободите што се заштитени со Конвенцијата. Судот утврдил дека коментарите сепак поддржувале нетолеранција и омраза кон хомосексуалците и затоа биле „помалку тешка форма“ на говор на омраза.
Овој случај има важна улога во судската практика на Судот, бидејќи налага дека говорот на омраза врз основа на сексуална ориентација е спротивен на Конвенцијата. Ова важи и за „тешките“ форми на говор на омраза (директни повици за насилство, закани...), како и за „помалку тешките“ форми на говор на омраза, како во овој случај. Оттука, овој случај нагласува дека говорот на омраза во која било форма врз основа на сексуална ориентација не спаѓа под заштита на член 10. *Користењето искази на жалителот што изразувале јасна и тешка нетолеранција кон група поединци врз основа на нивната сексуална ориентација и родов идентитет, не може да се смета дека придонесува за јавна расправа. Оттука, вмешувањето на државата во слободата на изразување на жалителот било оправдано бидејќи тоа дозволило државата да воспостави неопходна и правилна рамнотежа помеѓу спротивставените права.*

Во конкретниов случај, Комисијата утврди дека првата објава на [redacted] од 06.06.2022 година што е посочена од подносителите, може да се подведе под заштита на членот 10 од Европската конвенција, особено затоа што се работи за објава која не предизвикала обемна и суштинска јавна дебата со навредливи содржини – само еден коментар.
Но во втората објава, [redacted] веќе го надминува своето право на слобода на изразување, односно го злоупотребува согласно членот 17 од Конвенцијата со јасна намера и цел да предизвика јавна дискусија со намера да се повреди човечкото достоинство и да се создаде заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина кон припадниците на ЛГБТИ заедницата, врз основ на нивната сексуална ориентација и родов идентитет. Следствено, Комисијата смета дека ваквата објава на социјалните мрежи не може да се квалификува како легитимна цел преку која слободата на изразување се употребува во јавниот дискурс на македонското општество преку кое може да се формира одредено јавно мислење или дека сака да придонесе кон општествена дебата по различни прашања, туку со импицирањето дека луѓето особено децата се наоѓаат во опасност поради инсистирањето на демократските начела од страна на медиумите и институциите на толерантност и почитување на човековите права, се прави обид за повикување и поттикнување на коментари со хомофобична содржина што претставува повик за вршење на дискриминација и вознемирување врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет.

Согласно членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ***се забранува*** *секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

**Дискриминацијата** во Законот се дефинира како *секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување,*

*признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Во членот 10**, вознемирувањето** *претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика,* и се третира како посебен вид дискриминација.

Според членот 9 од Законот, посебен вид на дискриминација е и ***повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација*** *е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.*

Согласно горенаведените одредби од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата утврди дека со објавената содржина на 12.10.2022 година на својата страница на социјалната мрежа „Фејсбук“, [redacted] од Скопје извршила вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, како посебни видови на дискриминаторски активности затоа што намерата им била да поттикнат дебата која би предизвикала или би имала последица повреда на достоинството и личниот интегритет на припадниците на ЛГБТИ заедницата, врз основа на нивната сексуална ориентација и родов идентитет. Комисијата смета дека во овој случај, [redacted] го злоупотребиле нивното право и слобода на изразување на мисла и говор во јавен простор, со цел да се создаде заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина кон припадниците на ЛГБТИ заедницата врз погоренаведените дискриминаторски основи.

Врз основ на ставот 2 од членот 27 од Законот, по утврдената дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја дава следнава

## П Р Е П О Р А К А

**Се препорачува** [redacted] од Скопје да ја избрише содржината што ја поставиле на својата страница на социјалната мрежа – „Фејсбук“ на 12.10.2022 година во **најкраток можен рок но не подолг од 30 дена од денот на прием на ова Мислење и за тоа писмено да ја известат Комисијата.**

**Се препорачува** [redacted] да објават писмено извинување на својата страница на социјалната мрежа „Фејсбук“ кон припадниците на ЛГБТИ зедницата заради горенаведената вознемирувачка содржина **во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење и за тоа писмено да ја известат Комисијата.**

**Се препорачува** [redacted] во иднина да се воздржуваат од постирање на вакви и слични вознемирувачки и дискриминирачки содржини на својата страница на социјалната мрежа „Фејсбук“ по било која дискриминаторска основа.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Врз основ на ставот 4 од член 27 од Законот, доколку лицето на кое е упатена препораката не постапи по истата, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
27.06.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател

Игор Јадровски

Доставено до:

[redacted]

3. Архива на КСЗД